РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено 25-06-2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | - 835 | /1 | |

До Општина Валандово
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06; бр.86/08, бр.6/10 и бр.42/14), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

(опис на информацијата која се бара)

1. Буџет (детален) на ЕЛС за 2024 година
2. Име, презиме и контакт од Координаторот за еднакви можности и датум на негово назначување
3. Акт за систематизација на работните места
4. Годишен извештај за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите за 2024 година
5. Листа на иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) доставени од Координаторот за еднакви можности до ЕЛС во 2024 година
6. Листа на иницијативи на Координаторот за еднакви можности реализирани од страна на ЕЛС во 2024 година
7. Листа на членови на Комисија за еднакви можности во 2024 година и нивни контакти
8. Актуелна Стратегија за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година
9. Годишна програма за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година
10. Актуелен Акциски план за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година
11. Број на одржани состаноци на Комисијата за еднакви можности во 2024 година
12. Број на буџетски седници на кои присуствувала Комисијата за еднакви можности во 2024 година
13. Листа на мерки и активности кои Комисијата за еднакви можности ги има доставено до Советот на ЕЛС во 2024 година
14. Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за основните мерки согласно чл. 5, 6 од Законот за еднакви можности
15. Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за посебни мерки согласно чл. 7 од Законот за еднакви можности
16. Локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите за 2024

17. Број на мажи и број на жени членови на комисиите на општината во 2024

18. Број на мажи и број на жени членови на управни одбори на јавните служби под надлежност на општината во 2024

19. Програми за заштита на жените жртви на родово базирано насилство и жртвите на семејното насилство во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

20. Број на воспоставени центри за згрижување на жртви, советувалишта за жртви, советувалишта за сторители и други услуги за превенција на родово-базирано насилство во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

21. Одвоени финансиски средства за функционирање на услуги за превенција и заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртви на семејното насилство на локално ниво во согласно со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

Форма во која се бара информацијата:
а) електронски запис
б) по пошта

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) емајл
б) по пошта

Барател на информацијата:
[redacted] телефон [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
Претседател [redacted]
[redacted] телефон [redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во [redacted]

Датум: 09.06.2025 година
Потпис
[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-835/2
10.07.2025 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] во [redacted] заведено под број 10-835/1 од 25.06.2025 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

## РЕШЕНИЕ

### за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] заведено под број 10-835/1 од 25.06.2025 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

## Образложение

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

**Градоначалник**
**на Општина Валандово**
Перо Костадинов
[redacted]

Изработил: Стефан Димитров [redacted]
Контролирал: Елена Фидански
Одобрил: Владимир Лазов

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Ул.„Иво Лола Рибар" 66, 2460 Валандово
Тел. +389 (0)34/382-044
www.valandovo.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-835/3
10.07.2025 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

**До**

[redacted]

**Предмет:** Одговор на Барање согласно ЗСПИЈК

Почитувани,

Во врска со Ваше барање согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер поднесено на 09.06.2025 година заведено под архивски број 10-835/1 на 25.06.2025 година во Општина Валандово, Ви ги доставуваме следните податоци:

1. Буџет на ЕЛС Валандово за 2024 година (во прилог);
2. Координатор за еднакви можности: Елена Фидански, elenakirovska@gmail.com, 077-486-087, назначена од 30.06.2022 година;
3. Акт за систематизација (во прилог);
4. Годишен извештај за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите за 2024 година (во прилог);
5. Листа на инцијативи доставени од Координаторот за 2024:
   - Општина Валандово ја препознава потребата за обезбедување на услуги на жени жртви на семејно насилство, како посебна ранлива категорија, нивна регистрација и рехабилитација и развива програми, активности и мерки за помош и поддршка согласно со нивните потреби;
   - Општина Валандово е една од првите општини во РСМ која од сопствен родово одговорен буџет издвојува финансиски средства за функционирање и спроведување на активностите со цел да даде поддршка на сите законски регулативи и политики;
   - Општина Валандово е насочена кон интегрирање на родовата перспектива во надминување на стереотипите како што се: насилство кон жените, унапредување на положбата на жените во јавниот и приватниот живот, образованието, здравството, земјоделството, правдата, социјалната сигурност, животната средина и климатските промени, спортот, културата и медиумите.
6. Прифатени се сите иницијативи;
7. Листа на членови на Комисијата за еднакви можности и нивни контакти (во прилог);
8. Стратегија за работа на комисијата:
   - Родово одговорно образование,

- Спречување на родовото базирано насилство,
- Еднакво учество на жените во јавниот и политичкиот живот,
- Подобрување наекономската состојба на жените во општина Валандово и нивно економско засилување и
- Социјално партнерство поради остварување на поставените цели;

9. Годишна програма за работа на Комисијата за еднакви можности за 2024 година (во прилог);
10. Нема;
11. Една одржана седница на Комисијата на ден 29.03.2024 година;
12. Нема;
13. Листа на мерки и активности кои Комисијата ги доставила до Советот на ЕЛС во 2024 година (во прилог);
14. Вкупните финансиски средства изнесуваат 200.000 денари;
15. 200.000 денари;
16. Нема;
17. 2 мажи и 5 жени;
18. 15 мажи и 25 жени;
19. Нема;
20. Нема;
21. Нема;

Со почит,

Општина Валандово
Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер

Владимир Лазов

[redacted]